Врз основа на чл.23 од Законот за заштита на личните податоци, в.в. со чл.10 ст. 2 алинеја 4 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/2010), генералниот секретар на Собранието на Република Македонија ја донесе следната

**П Р О Ц Е Д У Р А**
**за пријавување, реакција и санирање на инциденти**

**1.** Со оваа процедура се воспоставуваат мерки и механизми на пријавување, реакција и санирање на инциденти (аномалии) кои влијаат или можат да влијаат на тајноста и заштита на личните податоци што се предмет на обработка во Собранието на Република Македонија кој согласно Законот за заштита на личните податоци има својство на контролор на лични податоци.

**2.** Одделни изрази употребени во оваа процедура го имаат следново значење:

- **Авторизиран пристап** е овластување доделено на овластеното лице за обработка на личните податоци, за користење на одредена информатичко комуникациска опрема или за пристап до одредени работни простории во Собранието на Република Македонија;
- **Администратор** на информатичкиот систем е службеник-помошник информатичар во Собранието на Република Македонија (или компанија со која е склучен договор) кој е овластен за планирање и за применување на технички и организациски мерки, како и за контрола на обезбедувањето тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- **Документ** е секој запис кој содржи лични податоци и истиот може да биде во електронска или хартиена форма, да се чува на медиум и во информатичко комуникациската опрема која се користи за обработка на податоците, да се доставува преку пошта или да се пренесува преку електронско комуникациска мрежа;
- **Информатичка инфраструктура** е дел од информатичко комуникациска опрема во Собранието на Република Македонија во рамките на која се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци;
- **Информатички систем** е систем со кој може да се обработуваат личните податоци со цел да бидат достапни и употребливи за секој кој што има право и потреба да ги користи;
- **Инцидент** е секоја аномалија која влијае или може да влијае на тајноста и заштитата на личните податоци;
- **Овластено лице** е лице вработено во Собранието на Република Македонија кое има авторизиран пристап до документите и до информатичко комуникациската опрема;
- **Офицер за заштита на личните податоци** е лице овластено од генералниот секретар на Собранието на република Македонија за самостојно и независно

вршење на работите во смисла на член 26-а од Законот за заштита на личните податоци;

- **Сигурносна копија** е копија на личните податоци содржани во електронските документи, кои се зачувани на медиум за да се овозможи нивно повторно враќање.

Изразите кои не се дефинирани во оваа точка го имаат истото значење утврдено со прописите за заштита на личните податоци.

**3.** Секое овластено лице кое има авторизиран пристап до информатичките системи во Собранието на Република Македонија, должно е веднаш и без одлагање да го пријави на службник-информатичар секој инцидент што ќе настане во процесот на обработката на личните податоци во информатичките системи.

Пријавувањето на инциденти се врши во електронска форма, а доколку тоа не е возможно, пријавувањето се врши во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- време на настанување на инцидентот;
- траење и престанок на инцидентот;
- место во информатичкиот систем каде се појавил инцидентот;
- податок или проценка за обемот односно опсегот на инцидентот;
- име и презиме на овластеното лице кое го пријавило инцидентот;
- податоци за лицата до кои е доставена пријавата за инцидентот.

**4.** По приемот на пријавата за инцидент, службник-информатичар за тоа веднаш го известува непосредно повисокиот државен службеник од областа - Секторот и презема мерки за санирање на последиците од инцидентот, но и за спречување на негово повторување во иднина.

Офицерот за заштита на личните податоци на Собранието на Република Македонија исто така веднаш треба да биде информиран од страна на службник-информатичар за каков било инцидент со кој се прекршуваат прописите за заштита на личните податоци.

Доколку се работи за инцидент кој се повторува, службник-помошник информатичар е должен да побара од овластениот сервисер, а овластениот сервисер е должен да преземе мерки кои максимално ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот од повторување на истиот инцидент.

**5.** Доколку како последица на инцидент дојде до губење или уништување на лични податоци содржани во информатичкиот систем во Собранието на Република Македонија овие лични податоци повторно ќе бидат внесени-вратени во системите, со користење на сигурносните копии што се чуваат во Собранието на Република Македонија.

Постапката предвидена во претходниот став од оваа точка ќе се примени и доколку бришењето односно губењето на лични податоци содржани во информацискиот систем е неопходно заради отстранување на последиците од инцидентот или преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.

**6.** При повторното внесување-враќање на личните податоци во системот, задолжително во електронска форма се врши евидентирање на лицата кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на лични податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторното враќање на податоци во информатичкиот систем се врши од страна на овластени лица врз основа на претходно издадено овластување .

**7.** Со цел да се спречат инциденти врз списите од судските предмети и другата документација во која се врши рачна обработка на лични податоци, истите се чуваат и заштитуваат во посебни простории опремени со средства што овозможуваат заштита од влага, температура, кражба, пожар и други видови оштетување.

Собранието на Република Македонија треба да обезбеди стандардна опрема и технички средства за чување, заштита и обезбедување на предмети и документацијата што содржи лични податоци (метални ормари, метални каси и сл.).

Во случај на воена или вонредна состојба (поплава, пожар, земјотрес и сл.) Собранието на Република Македонија- Сектор за стручни и административни работи презема соодветни мерки за заштита на предмети и документацијата што содржи лични податоци, согласно прописите за архивската граѓа и прописите за заштита и спасување.

**8.** Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето и објавувањето на веб страна.

Генерален секретар на Собранието на
Република Македонија

Жарко Денковски

Број 01-5064/1
22.12 2016 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ